РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1174/9
31.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 11. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 23.3.2026 година**

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видео конференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфишева, м-р Магдалена Давидовска-Довлева, д-р Ивана Стојановска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска-Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 11. седница на Советот. Седницата почна во 10:05 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување Предлог-записник од 10. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.3.2026 година.
2. Нацрт-годишен извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.
3. Предлог-одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ДПТУ Иноватор ЈСМС Тесла ДООЕЛ Свети Николе, издавач на печатениот медиуми „БАЛКАНиУМ“, за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: лиценци за софтвер за автоматско бекапирање на податоци и антивирус.

6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми-НАВС.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот записник од 10. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.3.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи Нацрт-годишниот извештај за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година. Појасни дека Агенцијата има законска обврска Извештајот за работата на Агенцијата за претходната година да го достави до Собранието на Република Северна Македонија најдоцна до 31 март во тековната година. Наведе дека документот е доставен до Советот во нацрт-верзија, со цел да биде разгледан на тековната седница, по што финалната верзија ќе биде ставена на усвојување на седницата закажана за следниот понеделник. Иако Агенцијата нема законска обврска Извештајот првично да го доставува до Советот во нацрт-верзија, директорот истакна дека, со цел да се избегнат можни пропусти, технички грешки, забелешки или изоставување на активности реализирани во текот на претходната годината, документот се разгледува во две фази. Во таа насока, ги повика членовите на Советот, доколку имаат забелешки или предлози, истите да ги достават во писмена форма во наредните денови, со цел тие навремено да бидат инкорпорирани во финалната верзија. Дополнително посочи дека текстот на овој Нацрт-извештајот сè уште не е лекториран поради обемноста, но финалната верзија што ќе биде доставена до Собранието на Република Северна Македонија ќе биде соодветно јазично уредена. Појасни дека нацрт-верзијата ги опфаќа сите активности реализирани од страна на Агенцијата во текот на 2025 година, а во прилог содржи и Извештајот за реализација на Годишниот план за програмски надзор, како и Финансиски извештај за реализација на финансискиот план. Во насока на унапредување на медиумската регулатива, информираше дека Агенцијата доставила две иницијативи за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до Министерството за дигитална трансформација – едната за започнување активности за воспоставување Фонд за медиумски плурализам, а другата за воведување дигитално радио. Дополнително, Агенцијата активно учествувала и во процесот на измени на Законот за медиуми, со кои интернет порталите се вклучуваат во рамките на медиумската регулатива.

Како една од позначајните активности ја истакна реализацијата на мониторингот на локалните избори, при што било констатирано дека радиодифузерите во најголем дел ги почитувале правилата за избалансирано известување, политичко рекламирање и бесплатно политичко претставување. Исклучок претставувале поединечни случаи на непочитување на изборниот молк во првиот круг, за кои биле покренати прекршочни постапки, додека во вториот круг не биле констатирани неправилности. Во однос на платеното политичко рекламирање, информираше дека само еден радиодифузер го надминал законскиот лимит и тоа во првиот круг од изборите, за што Агенцијата покрена прекршочна постапка. Во текот на 2025 година, за прв пат во Македонија е воспоставен регистар на онлајн медиуми - интернет портали, во кој во моментот се евидентирани 60 портали. Реализирани биле над 400 надзори над субјектите што се предмет на регулација, и тоа над 300 радиодифузери, 99 оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, 10 над издавачите на печатени медиуми и 7 над давателите на услуги по барање. За констатираните прекршувања со овие надзори биле изречени вкупно 50 мерки, од кои 40 јавни опомени. Доделени биле четири дозволи за радио емитување на локално ниво, а на пет радиодифузери им престанала важноста на дозволите. Наведе дека и оваа година Агенцијата ја координираше организацијата на Деновите на медиумска писменост, што се одржа во ноември 2025 година. Под мотото „Ти знаеш, друг не знае. Твојот коментар може да помогне!“, во рамки на Деновите на медиумска писменост беа реализирани повеќе од 20 настани на различни локации низ државата и онлајн. Изработени се повеќе анализи и студии: три студии за да се утврди дали има оправданост да се објави јавен конкурс за доделување дозвола за емитување и четири анализи: Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, Анализа на структурата на вработените во индустријата, Анализа на оправданоста и можностите за воведување мерки за поддршка за регионалните и локалните радиодифузери и Анализа на севкупниот медиумски пазар, а беше конципирано и Истражувањето на мислењето и ставовите на јавноста во врска со медиумите. На меѓународен план, Агенцијата учествуваше во работата на повеќе европски и регионални регулаторни мрежи, како и на билатерални средби со странски регулатори и амбасади. Како што споменал, во прилог кон Извештајот се и Извештај за реализација на годишниот план за програмски надзор, од кој се гледа дека се реализирани сите планирани надзори и Извештај за реализација на финансискиот план на Агенцијата. Во врска со завршната сметка, потсети дека минатата година приходите на Агенцијата беа помали за 5,6 милиони денари во однос на расходите што значи дека Агенцијата оствари негативен резултат.

Советничката м-р Гордана Мајнова истакна дека Извештајот е сеопфатен, детален и добро структуриран и дека во овој момент нема конкретни забелешки. Посочи дека внимателно го следела излагањето на директорот и додаде дека е можно одредени забелешки дополнително да произлезат од стручната служба, односно по повторно разгледување на текстот. Сепак, нагласи дека во моментов нема никакви забелешки и оцени дека извештајот е одлично подготвен, при што смета дека вака конципиран треба да биде предложен за усвојување и доставување до Собранието на Република Северна Македонија.

Советничката м-р Зирјета Јајага оцени дека Извештајот е исцрпен и детално образложен. Притоа нагласи дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднела две значајни иницијативи. Првата се однесува на унапредување на дигиталното радио, со што ќе се придонесе кон модернизација на медиумскиот етер и

обезбедување поквалитетен сигнал за слушателите. Дополнително, се осврна на иницијативата за формирање Фонд за поддршка на медиумскиот плурализам, оценувајќи дека со тоа Агенцијата не врши само надзор, туку активно предлага системски решенија за развој на медиумскиот сектор. Воедно посочи дека, како што истакнато од страна на директорот, двете иницијативи се доставени до надлежното министерството, што укажува на проактивна улога на регулаторното тело во процесот на подготовка на законските измени. На крајот, побара дополнителна информација за текот на постапката во однос на наведените иницијативи и за можноста за нивна реализација во текот на 2026 година.

Претседателот на Советот, м-р Стефановски, оцени дека Нацрт-извештајот е сеопфатен и прецизен, при што посочи доколку постојат одредени грешки, тие се од помал обем и претежно од техничка природа, при што изрази уверување дека во финалната верзија ќе бидат коригирани и текстот ќе биде соодветно лекториран. Додаде дека има уште една недела на располагање за дополнително подобрување на текстот, како и за доставување предлози и забелешки од страна на членовите на Советот.

Советот на Агенцијата едногласно го одобри Нацрт-годишниот извештај за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Директорот Трајчевски ја образложи предложената Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево. Појасни дека Агенцијата на овој радиодифузер му издала фактура за годишниот надоместок на 12 јануари 2026 година. Притоа, имало проблеми со доставувањето на фактурата, бидејќи радиодифузерот не ја подигнал пратката, за што Агенцијата била известена од страна на поштенската служба. Потоа фактурата била доставена на официјалната електронска адреса на радиодифузерот, евидентирана во Централниот регистар, но и по истекот на рокот од 30 дена од доставувањето, радиодифузерот не извршил плаќањето на надоместокот за телевизиско емитување. По истекот на законскиот рок, пред две недели Советот покренал постапка за одземање на дозволата на ТВ Гурра, но ниту во дополнителниот рок од 15 дена радиодифузерот не извршил уплата. Станува збор за износ од 118.740,00 денари. Директорот информираше дека минатата недела до Агенцијата пристигнал допис од ТВ Гурра со барање да им се одобри дополнителен рок од 15 дена, односно до 31 март, за да ја извршат уплатата. Сепак, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти, Агенцијата нема можност да одобри дополнителен рок, бидејќи се исцрпени сите законски рокови. Од денот на издавањето на фактурата, 12 јануари, до денот на одлучување, 23 март, изминале повеќе од два месеца, а радиодифузерот има законска обврска да го плати надоместокот во рок од 30 дена од приемот на фактурата. По одземањето на дозволата, радиодифузерот има можност, доколку го плати целиот износ на надоместокот, да покрене постапка пред Управниот суд за поништување на Одлуката за одземање на дозволата донесена од Советот на Агенцијата. Во тој случај, радиодифузерот ќе треба да ги сноси и дополнителните трошоци што ќе настанат за Агенцијата, и тоа: трошоци за објавување на одлуката за одземање на дозволата во „Службен весник на Република

Северна Македонија", како и трошоци за објавување на одлуката во два дневни весници на македонски и на албански јазик, како и трошоци за повторно објавување во „Службен весник" во случај на поништување на одлуката. Со тоа, евентуалното водење постапка пред Управниот суд би значело дополнително зголемување на трошоците за радиодифузерот, во износ од приближно 1.000 евра.

На прашање на советничката Јајага, директорот и претседателот потврдија дека денешниот ден претставува краен рок за плаќање. Дополнително беше појаснето дека радиодифузерот има блокирана сметка, што дополнително ја усложнува ситуацијата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување, УП1 бр.08-58 од 7.9.2023г. на Трговското радиодифузно друштво ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево, поради неплатен годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на фактурата бр.2026-100-0020 од 12.1.2026г. (арх.бр.05-106/1 од 12.1.2026г.).

Фактурата бр.2026-100-0020 од 12.1.2026г. (арх.бр.05-106/1 од 12.1.2026г.) се сторнира и на ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево му се издава нова фактура, која се однесува само на периодот на работењето, односно до денот на донесувањето на оваа Одлука за одземање на дозволата, која треба да се плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Одлуката да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, го образложи предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ДПТУ Иноватор ЈСМС Тесла ДООЕЛ Свети Николе, издавач на печатениот медиум „БАЛКАНиУМ", поради прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми. Појасни дека во текот на месец февруари биле извршени надзори на вкупно 16 печатени медиуми, во однос на обврската за објавување импресум согласно законските одредби. Само кај овој печатен медиум биле констатирани прекршувања, односно утврдено е дека во печатеното издание „БАЛКАНиУМ" импресумот не ги содржел сите податоци предвидени со Законот. Во врска со констатираното прекршување, од медиумот било побарано да се изјасни, при што доставиле писмено изјаснување во кое навеле дека ги прифаќаат констатациите на Агенцијата и дека во наредниот број го коригирале пропустот, односно импресумот е објавен со сите потребни податоци. Сепак, имајќи предвид дека прекршокот е веќе констатиран, до Советот е доставен предлог да се изрече мерка јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-772/1 од 27.2.2026 година и едногласно заклучи на Друштвото за производство, трговија и услуги ИНОВАТОР ЈСМС ТЕСЛА ДООЕЛ Свети Николе, издавач на „БАЛКАНиУМ", да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми, затоа што во изданието бр. 42 на

„БАЛКАНиУМ" не ги објавило податоците за: адреса на седиштето на издавачот на медиумот, адреса на уредништвото на издавачот на медиумот, име на одговорното лице на издавачот на медиумот, адреса на печатницата и датум на печатење или препечатување.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст бр. 01-4241/1 од 1.10.2025 година), му се наложува, во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението за преземање мерка опомена, да го усогласи своето работење со член 14 став 1 од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот субјект на надзор.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Решението да го објави на веб-страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Помошник-раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, м-р Ивона Муфишева, го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – услуга за лиценци за софтвер за автоматско бекапирање на податоци и антивирусна заштита. Појасни дека договорот што ќе произлезе од постапката ќе биде склучен за период од една година, а проценетата вредност на јавната набавка изнесува 600.000,00 денари. Наведе дека набавката е предвидена во Планот за јавни набавки за 2026 година, а средствата се планирани во Финансискиот план на Агенцијата за 2026 година. Постапката ќе се спроведе како набавка од мала вредност. Со реализацијата на оваа набавка ќе се обезбеди сигурно и редовно зачувување на критичните податоци, како и заштита од закани што можат да ја загрозат работата на ИТ-системите. Со имплементација на ова решение ќе се минимизира ризикот од губење на податоци и од потенцијални сајбер-напади, со што ќе се обезбеди континуитет во работењето и безбедност на информациите. Посочи дека сите останати податоци се содржани во материјалите доставени за седницата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-стока: лиценци за софтвер за автоматско бекапирање на податоци и антивирус.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка-стока: лиценци за софтвер за автоматско бекапирање на податоци и антивирус е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Пречистен текст) бр.05-869/1 од 4.3.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

Точка 6

Директорот на Агенцијата, д-р Трајчевски, во врска со постапката за јавна набавка – услуга за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација, побара од раководителот на Секторот за финансии и логистика, Горан Радуновиќ, да даде појаснување за претходно преземените активности, имајќи предвид дека по трет пат се објавува јавен повик.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика, Горан Радуновиќ, информираше дека постапката за предметната јавна набавка започнала во 2025 година, во редовниот рок за нејзино иницирање, при што биле распишани два јавни огласи кои завршиле неуспешно. Појасни дека на првиот оглас се пријавил еден економски оператор кој не ги исполнувал предвидените услови, додека на вториот оглас не се пријавил ниту еден оператор. Дополнително истакна дека оваа година, пред две седници, јавната набавка повторно била вклучена во Планот за јавни набавки на Агенцијата за 2026 година, со цел повторно спроведување на постапката и обезбедување соодветен економски оператор. Нагласи дека предметната набавка е од особено значење, имајќи предвид дека опремата за снимање функционира континуирано, односно 24 часа, поради што е неопходно системот за ладење да одржува на стабилна температура. Дополнително информираше дека биле направени обиди и преку директни контакти со повеќе компании кои вршат ваков вид услуги, при што биле поканети да извршат увид во просториите на Агенцијата. Посочи дека интерес пројавила само една компанија, која по извршениот увид се изјаснила дека не е заинтересирана и не доставила понуда.

Помошник-раководителката, м-р Ивона Муфишева, го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга за одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација. Појасни дека договорот ќе се склучи за период од две години, при што вкупната проценета вредност изнесува 1.520.000,00 денари, од кои 760.000,00 денари се планирани во Финансискиот план за 2026 година, а преостанатите 760.000,00 денари ќе се предвидат во Финансискиот план за 2027 година. Наведе дека постапката ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка и ќе биде реализирана како групна набавка со Министерството за спорт, имајќи предвид дека двете институции се сместени во исти деловни простории.

Советничката Афрона Врзиволи, имајќи предвид изнесените околности во врска со ограничениот интерес од економските оператори, постави прашање дали е потребно да се остварат дополнителни консултации со Министерството за спорт, кое, според нејзина оцена, можеби има спроведено слична набавка.

Директорот Трајчевски појасни дека набавката се спроведува заеднички со Министерството за спорт, при што Агенцијата ја води постапката, а финансиските обврски се распределуваат процентуално пропорционално меѓу двете институции. Во продолжение, во однос на Точката 3 од дневниот ред, директорот информираше дека е пристигната електронска порака од ТВ Гурра Кичево, со која радиодифузерот известува дека извршил уплата на годишниот надоместок. Притоа појасни дека уплатата не е извршена од сметката на правното лице, туку од физичко лице, поради што побара од раководителот на Секторот за финансии и логистика да изврши проверка на уплатата.

Нагласи дека, доколку се утврди дека средствата се уплатени од физичко лице, истата нема да може да се смета за законска и ќе биде вратена, согласно Законот за финансиска дисциплина. Доколку, пак, се утврди дека уплатат е извршена во согласност со законските прописи, Советот ќе ја повлече Одлуката за одземање на дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка-услуга: одржување и сервисирање на системот за ладење, греење и вентилација е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Пречистен текст) бр.05-869/1 од 4.3.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, односно истите ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план за 2027 година.

**Точка 7**

Помошник-раководителката м-р Ивона Муфишева го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – услуга за адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на радиодифузни и телевизиски програми (НАВС). Наведе дека договорот што ќе произлезе од постапката ќе има важност од една година, при што вкупниот износ на средствата потребни за реализација изнесува 400.000,00 денари. Постапката ќе се спроведе со примена на набавка од мала вредност, согласно одредбите од Законот за јавни набавки. Со реализацијата на оваа набавка ќе се обезбеди континуирано и квалитетно функционирање и развој на софтверот за анализа на радио и телевизиски програми. Дополнително, набавката ќе овозможи непрекинато функционирање на системот кој се користи при мониторинг на радиодифузерите, со обезбедување адаптивно и превентивно одржување на софтверот.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата, за спроведување постапка за јавна набавка-услуга: адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми-НАВС.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка-услуга: адаптивно и превентивно одржување на постојниот софтвер за анализа на РА и ТВ програми-НАВС е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, (Пречистен текст) бр.05-869/1 од 4.3.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година, односно ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план за 2027 година.

**Точка 8**

**Разно**

Советничката Зирјета Јајага, во врска со постапката за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ Гурра ДООЕЛ Кичево, постави прашање дали

постои законска можност за одложување на одземањето на дозволата до моментот на деблокирање на сметката на радиодифузерот, со цел да му се овозможи да ја изврши обврската за плаќање.

Директорот Трајчевски, појасни дека во конкретниов случај постапувањето е условено од важечките законски одредби, при што посочи дека уплатата не е извршена од сметката на радиодифузерот, туку од сметка на друго лице, што не е во согласност со Законот за финансиска дисциплина. Воедно, потсети дека овој закон е во примена веќе три до четири години и дека субјектите се должни да постапуваат согласно утврдените обврски.

Советничката Гордана Мајнова информираше дека до членовите на Советот била доставена електронска пошта од анонимно лице, во врска со содржина објавена на социјалната мрежа Фејсбук, на страницата на ТВ Канал 5. Притоа посочи дека е свесна дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги нема надлежности врз содржини објавени на социјалните мрежи, туку врз емитуваната програма, но постави прашање дали, во однос на наводите за навреди, клевети и говор на омраза, Агенцијата, односно стручната служба, остварува комуникација со медиумите со цел укажување и превенција од вакви појави. Дополнително, укажа на содржината како несоодветна и побара информација дали Агенцијата презела активности во врска со конкретниот случај.

Директорот Трајчевски појасни дека Агенцијата постапува по секоја доставена претставка, при што се доставува одговор до подносителот и до радиодифузерот, согласно воспоставената практика. Дополнително наведе дека, во случаи кога Агенцијата не е надлежна да постапува, подносителите се информираат за причините и се упатуваат до надлежните институции.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**